**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-70/7**
**Скопје, 13.03.2024 година**

Записник од деведесет и осма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 13.03.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Иџет Мемети Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-дин Антонио Јолевски член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-Арбер Исаку член
г-ѓа Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа Кети Петкова член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на деведесет и осмата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 97 (деведесет и седма) седница на Советот.
2. Номинирање на заменик член во Комора на извршители на РСМ.
3. Номинирање на член и заменик член во Нотарската комора на РСМ.
4. Назначување на координатор за ВЈО Битола.
5. Разно

Вака Предложениот дневен ред еднogласно бепе усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 97-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот доставен до Советот од страна на Комората на извршители на РСМ, каде што Советот е известен дека на досегашен заменик член на Дисиплинската комисија при Комората на извршители му престанува мандатот и бараат од Советот согласно чл. 58 ст.1 од Законот за извршување да номинира нов заменик член на Дисциплинската комисија. Воедно даде предлог за заменик член биде номинирана г-ѓа Кети Петкова.
Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука со која за заменик член на Дисциплинската комисија при Комората на извршители се номинира г-ѓа Кети Петкова.**

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот доставен до Советот од страна на Нотарската комора на РСМ, каде се наведува дека е истечен мандатот на досегашниот Дисциплински совет при Нотарската комора и дека треба да се изберат нови членови и нивни заменици. Воедно од Советот се бара да номинира еден член и заменик член на Дисциплинскиот совет од редот на јавните обвинители во Советот. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска даде предлог за член биде номиниран г-дин Ермон Незири-член на Советот на јавните обвинители на РСМ и јавен обвинител во ОЈО Скопје, а за негов заменик биде номинирана г-ѓа Зорица Павловиќ-член на Советот на јавните обвинители на РСМ и јавен обвинител во ОЈО Скопје. Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која за член на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на РСМ се назначува г-дин Ермон Незири, а за заменик член г-ѓа Зорица Павловиќ.**

Под точката четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска истакна дека Советот треба да назначи координатор за ВЈО Битола и кажа дека на местото на досегашниот член на Советот г-ѓа Фиданка Рајевска ќе биде г-ѓа Зорица Павловиќ.

Под точка пет од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот со содржината на барањето во форма на известување доставено од страна на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип, во кое е неведено дека поради ангажманите како предавач во Академијата за судии и јавни обвинители , не може да биде заменик член на УО во Академијата за судии и јавни обвинители, со што дава оставка на таа позиција, што значи дека нанаредната седници треба да се назначи нов заменик член на УО на АСЈО.

Воедно под истата точка од дневниот ред, Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со активностите кои се превземаат во врска со селењето на Советот во просториите на Апелациониот суд.

Под истата точка од дневниот ред членот на Советот ги запозна членовите на Советот со содржинана на Претсставката заведена под СОПП бр.9/24. Кажа дека од извршените проверки, било констатирано дека нема потреба да се постапува по овој предмет и дека истиот ќе биде архивиран.

Отткако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи деведесет и осмата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**